Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Бр.-Nr. 26-815/
04-08-2025 20 год. viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 19 став 10 од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/25 и 74/25), директорот на Педагошка служба го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се дава одобрение за употреба на учебникот **NOI ci siamo 1** по наставниот предмет **Италијански јазик (втор странски јазик) за VI одделение на деветгодишно основно образование** од авторите **T. Anna Pellegrino и Elettra Ercolino** на издавачот **Eli Edizioni од Италија** преку законскиот застапник **Друштво за образование на деца и возрасни Арс Студио Тамара ДООЕЛ Скопје**, по поднесено барање бр.26-110/27 од 11.04.2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од денот на правосилноста.

3. Ова решение, по неговата правосилност, да се достави до Државниот просветен инспекторат.

О б р а з л о ж е н и е

Педагошката служба на ден 28.01.2025 година, на интернет страницата на Министерството за образование и наука, објави Јавен повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик на деветгодишно основно образование бр.26-110/1 од 28.01.2025 година. Со Решение за изменување на Јавниот повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик на деветгодишно основно образование бр.26-110/2 од 14.03.2025 година, објавено на интернет страницата на Министерството за образование и наука, се пролонгираше рокот за доставување на барањата заклучно со 14.04.2025 година.

Барања за одобрувања на учебник по наставниот предмет **Италијански јазик (втор странски јазик) за VI одделение на деветгодишно основно образование** поднесоа следните учесници:

**Барање бр.26-110/19 од 11.04.2025** година за учебникот **Nuovo Progetto Italiano Junior 1** по наставниот предмет **Италијански јазик (втор странски јазик) за VI одделение на деветгодишно основно образование** од авторите: **Telis Marin и Fabio Caon** на издавачот **Edizioni Edilingua од Грција** преку законскиот застапник **Друштво за образование на деца и возрасни Арс Студио Тамара ДООЕЛ Скопје и**

**Барање бр. 26-110/27 од 11.04.2025 година** за учебникот **NOI ci siamo 1** по наставниот предмет **Италијански јазик (втор странски јазик) за VI одделение на деветгодишно основно образование** од авторите: **T. Anna Pellegrino и Elettra Ercolino** на издавачот **Eli Edizioni од Италија** преку законскиот застапник **Друштво за образование на деца и возрасни Арс Студио Тамара ДООЕЛ Скопје**.

Согласно член 18 став (5) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/25 и 74/25), министерот во рок од седум дена од денот на доставеното барање за одобрување учебник по странски јазик, со Решение бр.26-110/135 од 16.04.2025 година формира Комисија за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик.

Комисијата за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик во предвидениот рок од 30 работни дена од денот на формирањето, до директорот на Педагошката служба достави Извештај бр.26-110/138 од 09.05.2025 година.

Според поднесениот Извештај бр.26-110/138 од 09.05.2025 година, Комисијата за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик по разгледување на сите доставени барања констатирала дека барањето заверено под арх.бр.26-110/19 од 11.04.2025 година, не ги исполнува условите согласно Јавниот повик.

Имено кон Барањето заверено под арх. бр. 26-110/19 од 11.04.2025 година од потребната документација согласно Јавниот повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик на деветгодишно основно образование бр.26-110/1 од 28.01.2025 година и Решението за изменување на Јавниот повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик на деветгодишно основно образование бр.26-110/2 од 14.03.2025 година, приложениот договор бил заверен од адвокат не бил заверена на нотар.

На ден 05.06.2025 година со допис бр.26-110/143 Педагошката служба ги доставила учебниците по странските јазици до Бирото за развој на образованието, согласно Извештајот арх.бр.26-110/138 од 09.05.2025 година од Комисијата за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик.

Бирото за развој на образованието со допис бр.09-755/3 од 17.06.2025 година, заверен во Министерството за образование и наука со арх.бр. 26-110/171 од 18.06.2025 година, достави стручно мислење во кое е наведено дека учебникот: **NOI ci siamo 1 главно ги исполнува** индикаторите од сите три подрачја од Методологијата за вреднување учебници со што се **предлага** за одобрување.

На ден 16.04.2025 година со Решение бр.26-110/137 директорот на Педагошката служба формира Комисија за избор на рецензенти. Комисијата за избор на рецензенти на ден 05.06.2025 година со Записник бр.26-110/145 по случаен избор од базата на рецензенти од областа на наставниот предмет избра три рецензенти за членови на Комисија за стручно вреднување на учебници по странски јазик.

Комисијата за стручно вреднување на учебници по странски јазик формирана со Решение бр.26-110/163 од 10.06.2025 година, на учебникот: **NOI ci siamo 1** изврши стручно вреднување, согласно Методологијата за вреднување на учебници и во предвидениот рок од 14 дена од денот на добивање на учебниците по странски јазик го достави стручно мислење бр.26-110/225 од 24.06.2025 година.

Согласно стручното мислење бр.26-110/225 од 24.06.2025 година, од Комисијата за стручно вреднување на учебници по странски јазик може да се увиди дека истата го предлага учебникот **NOI ci siamo 1** од авторите **T. Anna Pellegrino и Elettra Ercolino** во издание на **Eli Edizioni од Италија** за одобрување и употреба како учебник наменет за настава по странски јазик за наставниот предмет **Италијански јазик (втор странски јазик) за VI одделение на деветгодишно основно образование**.

Врз основа на стручното мислење од Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик бр. 26-110/225 од 24.06.2025 година, како и позитивното стручно мислење од Бирото за развој на образованието бр.09-755/3 од 17.06.2025 година заверено во

Министерството за образование и наука со арх.бр.26-110/171 од 18.06.2025 година, учебникот **NOI ci siamo 1** од авторите: **T. Anna Pellegrino и Elettra Ercolino** на издавачот **Eli Edizioni од Италија** преку законскиот застапник **Друштво за образование на деца и возрасни Арс Студио Тамара ДООЕЛ Скопје**, се одлучи да биде одобрен за учебник по наставниот предмет **Италијански јазик (втор странски јазик) за VI одделение на деветгодишно основно образование**.

Од тие причини се одлучи како во изреката на ова решение.

**Правна поука:** Против ова Решение, во рок од 15 дена од денот на приемот, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Директор на Педагошка служба,

м-р Роберт Аџипетров

Доставено до:
- Писарница на министерството
- Подносители на барања

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба / Shërbimi Pedagogjik
Бр.-Nr. 26-880/11
26-09-2025 20 год. viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 19 став 10 од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/25 и 74/25), директорот на Педагошка служба го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се дава одобрение за употреба на учебникот **NOI ci siamo 1** по наставниот предмет **Италијански јазик (втор странски јазик) за VII одделение на деветгодишно основно образование** од авторите **T. Anna Pellegrino и Elettra Ercolino** на издавачот **Eli Edizioni од Италија** преку законскиот застапник **Друштво за образование на деца и возрасни Арс Студио Тамара ДООЕЛ Скопје**, по поднесено барање бр.26-925/1 од 25.08.2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од денот на правосилноста.

3. Ова решение, по неговата правосилност, да се достави до Државниот просветен инспекторат.

О б р а з л о ж е н и е

Педагошката служба на ден 13.08.2025 година, на интернет страницата на Министерството за образование и наука, објави Јавен повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик на деветгодишно основно образование бр.26-880/1 од 13.08.2025 година.

Барање за одобрувања на учебник по наставниот предмет **Италијански јазик (втор странски јазик) за VII одделение на деветгодишно основно образование** поднесе следниот учесник:

**Барање бр. 26-925/1 од 25.08.2025 година** за учебникот **NOI ci siamo 1** по наставниот предмет **Италијански јазик (втор странски јазик) за VII-мо одделение на деветгодишно основно образование** од авторите: **T. Anna Pellegrino** и **Elettra Ercolino** на издавачот **Eli Edizioni од Италија** преку законскиот застапник **Друштво за образование на деца и возрасни Арс Студио Тамара ДООЕЛ Скопје**.

Согласно член 18 став (5) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/25 и 74/25), министерот во рок од седум дена од денот на доставеното барање за одобрување учебник по странски јазик, со Решение бр. 26-880/3 од 01.09.2025 година формира Комисија за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик.

Комисијата за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик во предвидениот рок од 30 работни дена од денот на формирањето, до директорот на Педагошката служба достави Извештај бр.26-880/4 од 03.09.2025 година.

Според поднесениот Извештај бр.26-880/4 од 03.09.2025 година, Комисијата за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик

по разгледување на доставеното барање констатирала дека барањето заверено под арх. 26-925/1 од 25.08.2025 година, ги исполнува условите согласно Јавниот повик.

На ден 04.09.2025 година со допис бр.26-880/6 Педагошката служба го доставила учебникот по странски јазик до Бирото за развој на образованието, согласно Извештајот арх.бр. бр.26-880/4 од 03.09.2025 година од Комисијата за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик.

Бирото за развој на образованието со допис бр.09-1165/3 од 12.09.2025 година, заверен во Министерството за образование и наука со арх. бр. 26-880/7 од 12.09.2025 година, достави стручно мислење во кое е наведено дека учебникот: **NOI ci siamo 1** е во согласност со наставната програма, а врз основа на Методологијата за вреднување учебници се **предлага за одобрување**.

На ден 26.08.2025 година со Решение бр.26-880/2 директорот на Педагошката служба формира Комисија за избор на рецензенти. Комисијата за избор на рецензенти на ден 11.09.2025 година со Записник бр.26-1021/1 од базата на рецензенти од областа на наставниот предмет избра три рецензенти за членови на Комисија за стручно вреднување на учебници по странски јазик.

Комисијата за стручно вреднување на учебници по странски јазик формирана со Решение бр.26-880/8 од 15.09.2025 година, на учебникот: **NOI ci siamo 1** изврши стручно вреднување, согласно Методологијата за вреднување на учебници и во предвидениот рок од 14 дена од денот на добивање на учебниците по странски јазик го достави стручно мислење бр.26-880/10 од 24.09.2025 година.

Согласно стручното мислење бр.26-880/10 од 24.09.2025 година, од Комисијата за стручно вреднување на учебници по странски јазик може да се увиди дека истата го предлага учебникот **NOI ci siamo 1** од авторите Т. Anna Pellegrino и Elettra Ercolino во издание на **Eli Edizioni од Италија** за одобрување и употреба како учебник наменет за настава по странски јазик за наставниот предмет Италијански јазик (втор странски јазик) за VII-мо одделение на деветгодишно основно образование.

Врз основа на стручното мислење од Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик бр. 26-880/10 од 24.09.2025 година, како и позитивното стручно мислење од Бирото за развој на образованието бр.09-1165/3 од 12.09.2025 година заверено во Министерството за образование и наука со арх.бр. 26-880/7 од 12.09.2025 година, учебникот **NOI ci siamo 1** од авторите: **Т. Anna Pellegrino и Elettra Ercolino** на издавачот **Eli Edizioni од Италија** преку законскиот застапник **Друштво за образование на деца и возрасни Арс Студио Тамара ДООЕЛ Скопје**, се одлучи да биде одобрен за учебник по наставниот предмет **Италијански јазик (втор странски јазик) за VII одделение на деветгодишно основно образование**.

Од тие причини се одлучи како во изреката на ова решение.

**Правна поука:** Против ова Решение, во рок од 15 дена од денот на приемот, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

**Директор на Педагошка служба,**

**м-р Роберт Аџипетров**

Доставено до:

- Писарница на министерството
- Подносители на барања